Република Македонија
Јавна здравствена установа
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА
БР. 04 - 7212
09 . 11 2026 год.
Демир Хисар

Врз основа на член 162 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), Директорот на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар, распишува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА СЛОБОДНО РАБОТНО МЕСТО ЗА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ/СОРАБОТНИЦИ

Се одјавува интерен оглас за пополнување на слободно работно место, и тоа :

1. **Самостоен стручен соработник-педагог** во ОДДЕЛ ЗА ИНТЕГРАЛНА, ХРОНИЧНА, СОЦИЈАЛНА, БИОЛОШКА И ИНОВАТИВНА ПСИХИЈАТРИЈА И ПСИХОГЕРИЈАТРИЈА И ЗАЕДНИЧКА МЕДИЦИНСКА, ДИЈАГНОСТИЧКА И СОРАБОТНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ;
   (шифра на работно место) ЗДР 03 01 Д03 004 .....1 извршител

2. Право на пријавување има секој здравствен работник/соработник кој ги исполнува општите и посебните услови согласно Законот за здравствената заштита.

3. Општи услови кои треба да ги исполнува лицето се:

-да е државјанин на РСМ,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност и
-да не му е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

4. Посебни услови кои треба да ги исполнува лицето се:

-да има соодветно образование:

ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; и

познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

Вид на образование: Високо образование –Педагошки науки

Научно подрачје: Педагошки науки

- да поминал најмалку две години на напосредно пониско работно место од работното место на кое се однесува интерниот оглас;

- да не му е изречена дисциплинска мерка или мерка за намалена работна успешност во период од 12 месеци пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата кандидатот да достави:

- пријава за интерен оглас,

- доказ за образование,

- доказ за работен стаж/работно искуство,

- доказ дека е вработен во установата,

- доказ/потврда за работното место што го извршува,

-доказ за познавање на странски јазик

- сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење

- кратка биографија,

- уверение за државјанство

- копија од лична карта

- лекарско уверение

- потврда дека не му е изречена правосилна забрана на вршење на професија, дејност или должност

5. Рокот за пријавување по овој оглас е 5 дена од денот на објавување на веб страната на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар

6. Неневремена, нецелосна и неуредна документација нема да е предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

7. Пријавите со целокупната документација да се достават по пошта на следната адреса: ул Битолска бб Демир Хисар, или во архивата на ЈЗУ Психијатриска Болница Демир Хисар , со назнака за **Интерен Оглас за Самостоен стручен соработник-педагог** .

В.Д.Директор

Сузана Џамбазовска

